## Стратешки цели на општина Гази Баба

Визија на општина Гази Баба е да биде дел од главниот град на РМ со квалитетни урбани услуги и ефикасен урбан менаџмент, конкурентна економија и одржлив економски раст, висок квалитет на живеење и здрава животна средина, атрактивна за бизнис, домување и туристи.

Стратешки цели на Стратегијата за локален економски развој на општина Гази Баба се: подобрување и унапредување на условите за живеење во општина Гази Баба, да се прошири и диверзифицира економската база во општина Гази Баба преку зголемување на нивото на инвестиции, да се создаде интегрирана локална заедница.

-Да се поттикне локалната заедница да преземе конкретни обврски и грижа за животната средина;

-Да се планира развојот на општината Гази Баба врз основа на реалнирасположиви ресурси, врз принципите на одржливост;

-Во соработка со други институции, од страна на локалната самоуправа да се прават напори за остварување на утврдените приоритети;

-Да се одржува рамнотежа во системот животна средина на локално рамниште;

-Да се покренуваат конкретни активности на локално ниво, во вид на акции и мерки за подобрување на квалитетот на живеење во Општината, кои ќе обезбедуваат подигање на свеста на населението за значењето на заштитата и унапредувањето на животната средина;

-Поврзување на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво во насока на обезбедување подобри услови за живеење и работа.